ПОСЕБНО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ Д-Р ЗЛАТАН СРЕМЕЦ-СКОПЈЕ
ул. Емил Зола бр. 5 Скопје - Општина Кисела Вода,
тел: 02/2770-446; 078/219-585

Посебно основно училиште
Д-р Златан Сремец
Бр. 02-40/3
26.01 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката бр.02-289/3 од 16.12.2020 г. за изготвување на Правилник за превоз на ученици и врз основа на Закон за превоз во патниот сообраќај (Сл.Весник на РСМ бр.68/24 2004),Училишниот одбор го донесе следниот

# Правилник за организиран превоз на ученици

Со овој правилник се уредуваат правилата и процедурите кои треба да се почитуваат при превозот на учениците.

Посебното основно училиште „Д-р Златан Сремец"-Скопје, нуди безбеден и ефикасен начин на превоз на учениците до училиштето и до нивните домови, по завршување на часовите.

Правила и процедурите треба да се почитуваат и потребна е соработка од сите засегнати страни (училиштето и вработените, учениците, родителите).

## Член 1

Капацитетот на училишниот автобус за превоз на ученици е вкупно 12 ученици и 2 (две) места за инвалидска количка, во една рута. Родителите кои се заинтересирани за користење на превоз со училишниот автобус, можат да достават барање до училиштето најдоцна до 10.06 во текот на учебната година, за наредната година.

Согласно чл. 73, став 2 од Законот за основно образование учениците со попреченост и лицата за нивна придружба, имаат право на бесплатен пристапен превоз без оглед на оддалеченоста и пристапноста на нивното место на живеење до основното училиште.

На сите ученици кои се запишани во училиштето им е овозможено правото на бесплатен превоз, односно учениците добиваат бесплатна слободна карта за користење на јавниот превоз ,а останатите го користат организираниот превоз со училишниот автобус.

Автобусот тргнува од училиште во 7 часот и се упатува кон определената дестинација.

Рутата на автобусот е во радиус од 10 км. од училиштето, заради економска исплатливост и заради навремено пристигнување во училиште.

Оние ученици кои се надвор од определениот радиус за превоз, може да го користат истиот доколку дојдат до определената станица со самостоен превоз.

## Член 2

Училишниот автобус не нуди превоз од домот, туку од и до најблиската автобуска станица до местото на живеење на ученикот.

Автобуските станици се наменети за безбедно запирање и непречено одвивање на превозот, токму затоа автобусот застанува на местото кое е определено за тоа ,односно на означена автобуска станица.

Учениците се очекуваат на определената станица 10 минути пред определеното време.Ова е наведено од причина што истото може да варира во зависност од сообраќајот, временските прилики и сл.

Дозволено е доцнење на автобусот од 10 минути, од наведените причини.

Возачот не може да го задржуваа сообраќајот или да го попречува правецот на движење на возилата додека ги чека учениците.

Учениците во присуство на своите родители треба да се оддалечени најмалку 1 метар од коловозот и да причекаат да застане автобусот пред да се придвижат кон него,

а се качуваат внатре по добиена дозвола од одговорното лице во автобусот.

Доколку родителот не е на автобуската постројка во точно определено време, истиот треба да го донесе ученикот на училиште со сопствен превоз.

По завршување на часовите автобусот започнува со испраќање на учениците до определените места.

Симнувањето од автобус е само на определена станица и во присуство на родител или поинаку ако е договорено, за што родителот/старателот потпишува изјава.

Доколку родителот не е на автобуската станица, ученикот се враќа во училиште и родителот треба да го земе своето дете од училиштето, најдоцна до крај на работното време на истото (15.30 часот).

## Член 3

За време на превозот во автобусот е присутен и дежурен наставник, стручен соработник или негувател или друго лице кое го определило директорот.

Одговорното лице ги прифаќа учениците, ги седнува на седиште, а при испраќање, по застанување на автобусот ги симнува од него и го предава ученикот на родителот или како е поинаку договорено.

Се очекува учениците да ги почитуваат правилата и да седат на нивните седишта за целото време на превозот до и од училиште.Не се задеваат со другите ученици ,ниту го уништуваат ентериерот на автобусот. Во автобусот ученикот се однесува со почит кон другите, не ги навредува.

Ако однесувањето на ученикот наложува да се пополни образец за нарушување на дисциплината во автобусот, возачот или одговорното лице ќе го достави образецот до директорот . Се формира комисија која одлучува по ова прашање.

Доколку ученикот не ги почитува правилата,се известува родителот дека одреден период тој ќе го носи ученикот на училиште ,и воедно ќе му ги објаснува правилата за превоз во автобусот.

По истекот на овој период , ученикот повторно ќе се вози со автобусот.

Училиштето го задржува правото да користи камери, без известување, за да сними видео снимки на учениците без известување, доколку има определен проблем со однесувањето на ученикот или со неговата дисциплина.

## Член 4

Возачот или одговорното лице можат да го опомене ученикот доколку тој ја попречува безбедноста при патувањето.

Возачот и одговорното лице треба да одржуваат дисциплина меѓу учениците додека се во автобус и за целото време на патувањето.Тие треба да се однесуваат кон сите ученици на граѓански начин, со почит и да забележат дали некој ученик е малтретиран или има проблем во однесувањето додека е под негова одговорност. Тие треба да се грижат за безбедноста. на учениците и да додека се под негова грижа да не ги оставаат сами во автобусот или блиску до него.

## Член 5

Во училишниот автобус е дозволена само вода. Сите шишиња мора да бидат отпорни на истурање. Сите ученици се одговорни да ги отстранат своите отпадоци.

Во автобусот не се конзумира никаков вид на храна, ниту бонбона,ниту гума за џвакање. Следниот товар е забранет за транспорт во училишен автобус: домашни миленици, алкохол, дрога, муниција, експлозив, огнено оружје, ножеви, тутун, производи што содржат никотин или други опасни или непристојни материјали или предмети.

Сите предмети мора да се сместат во скутот на ученикот или меѓу нивните нозе на подот. Чевлите мора да бидат врзани.

Сите предмети мора да се стават во пакувана торба додека се качуваат и истоваруваат во автобусот.

Училиштето не е одговорно за изгубени, оштетени или украдени лични предмети.

Учениците се одговорни за сопствените предмети.

Возачот го прегледува автобусот на крајот од секоја рута. Ако остане некој предмет во автобусот, ќе го задржи предметот и ќе му го врати на ученикот следниот ден.

Возачот или одговорното лице можат да одземат кој било предмет што се смета за сомнителен и да му го доставaт на родителот.

## Член 6

Одговорност на родителот е да обезбеди присуство на училиште. Доколку определен период ученикот не се вози со автобусот, родителот е одговорен да обезбеди превоз за ученикот и да го носи на училиште.

Родителите не влегуваат во училишниот автобус од која било причина, освен ако

возачот или одговорното лице не ги покани на тоа.

Родителот може да се качи во автобусот и да го користи превозот доколку е повикан на разговор во училиштето,а притоа во автобусот има слободни места.

Родителот може да се вози во автобусот доколку има проблем со дисциплината и однесувањето на ученикот во автобусот, со цел увид во однесувањето на ученикот и целата ситуација.

Родителите не разговараат со возачот на автобуската станица, не се довикуваат или објаснуваат за некое прашање.Тоа се прави во просториите на училиштето.

Од безбедносни причини, возачот може да ја затвори вратата ако возрасно лице се приближи до автобусот и ако смета дека безбедноста може да биде доведена во прашање.

Родителите разговараат со своите деца за правилата за превоз и потребата од почитување на истите.

Родителите се одговорни за безбедноста на своето дете додека одат или на автобуска станица и додека го чекаат училишниот автобус, како и по симнување од истиот.

Надзорот на учениците на автобуските постојки е одговорност на родителите.

**Член 7**

Возачите можат директно да контактираат со родителите за да пренесат информации во врска со учениците или рутата.

Родителот е должен да го извести возачот и одделенскиот/класен раководител дека ученикот следниот ден нема да го користи училишниот превоз,еден ден претходно.

Доколку ученикот не доаѓал на училиште, родителот треба да го извести возачот и одделенскиот/класен раководител за денот кога ќе почне да доаѓа на настава,и за потребата од превоз со училишниот автобус 1 ден претходно.

**Член 8**

Доколку се појават конфликти, родителите и училиштето заеднички, на граѓански начин, ќе работат на решавање на истите.

Во никој случај, родителот не смее да се соочи со возач на автобус на автобуска станица за да разговара или да реши проблем со дисциплината или било кое друго прашање.

Заканите кон кој било вработен во училиштето, според Законот, се сметаат за кривично дело.

Недоразбирањата на родителите треба да бидат разрешени со одговорното лице во училиштето.

Родителот има право на писмен приговор до директорот за непочитување на правилата и процедурите поврзани со превозот на учениците. Приговорот се доставува во писмена форма во архивата на училиштето. Родителот добива писмен одговор најдоцна 15 дена од денот на поднесување на истиот.

**Член 9**

Возачот се грижи за хигиената на автобусот и за количината на гориво во резервоарот. Возилото редовно се сервисира во овластен сервис,за што е одговорен возачот.

Возачот ги почитува правилата и прописите за безбедност во сообраќајот на патиштата и законите кои го регулираат превозот во патниот сообраќај.

Тој води сметка за навремено стигнување на определената дестинација, договорена со родителот, при што ги почитува сообраќајните правила и знаци, како и сигнални известувања за непречено и безбедно одвивање на превозот на учениците.

За непочитување на правилата во сообраќајот, сообраќајни прекршоци од страна на возачот или настаната сообраќајна незгода и причинета штета, трошците ги подмирува возачот.

**Член 10**

Училишните автобуси се сметаат за училишна сопственост а со тоа и државна сопственост.

Учениците што ќе предизвикаат штета на училишниот имот ќе бидат одговорни за трошоците за поправка, губење на привилегии за возење и / или правна постапка. Родителите ќе одговараат за штетата што ја предизвикало нивното дете на училишниот имот.

25.01.2021

Претседател на Училишен одбор

____________________

/Даниела Деловска/